Д Р Ж А В Е Н  П Р О С В Е Т Е Н  И Н С П Е К Т О Р А Т
С К О П Ј Е

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА
## во ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Скопје

**Скопје, јануари 2024 година**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-1127/3
29.01.2024 г.
Скопје

# ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 09, 10 и 12.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 17/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Јасмина Аврамовска |
| **Вид на училиштето:** | средно стручно училиште за ученици со оштетен слух |
| **Подрачни училишта:** | / |
| **Основач на училиштето:** | Извршен совет на НР Македонија |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 38 |
| **Полова структура на ученици:** | 27 м и 11 ж |
| **Број на наставници:** | 19 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Блаже Митев |
| **Директор на училиштето:** | Милисав Јованоски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 30.05 до 01.06.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Благоја Стефковски“ бр.45 Триангла н.Маџари - Скопје |
| **Телефон:** | 02/2-529-744 |
| **Факс:** | 02/2-529-714 |
| **e-mail:** | ducorpartenijazografski@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | **делумно задоволува (2,46)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006год.)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 09 до 12.10.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Општина Гази Баба, Скопје. За време на надзорот тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Наставниот процес во училиштето се изведува според наставните планови и програми за средно стручно тригодишно образование со времетраење од четири години и четиригодишно образование со времетраење од пет години за ученици со оштетен слух на предлог од БРО, донесени од Министерот за образование и наука, како и работно оспособување од профилите и струките кои се изучуваат. Има потреба од ревидирање или покренување на иницијатива за измени на постоечките НПП кои се од поодминат период, ако се земе во предвид дека во училиштето има ученици со различни пречки и посебни образовни потреби. Информираноста на родителите за наставната програма и наставниот план е преку родителски средби на почеток од учебната година, социјални мрежи-фб групи, брошура за информирање, индивидуални разговори со родители и др.

Изборот на изборни предмети е согласно наставниот план и се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука. Постапката за избор на предмети се почитува. Сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања но дневно оперативните подготовки за реализација на наставен час, кај дел од наставниците, не ги содржат неоходните елементи за организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува од учениците да научат.

За учениците со ПОП се планира индивидуален образовен план со подршка од инклузивниот тим. Наставниците недоволно ги користат информациите од оценувањето за да ги прилагоди планирањата за задоволување на образовните потреби на учениците. Ретко се планираат очекувани ефекти од реализација на часот и ретко се планира дополнителна и додатна настава.

Наставниците разменуваат искуства во рамките на стручните активи како и искуства од посетите на училишта со слична проблематика со проектите од Еразмос.

Работата во ученичкиот дом е планирана со Календар на воспитно-образовната работа во учебната година преку подрачјата: Физичко и здравствено воспитување, интелектуален и емоционален развој на учениците, естетско воспитување, работно воспитување и општествено корисен труд и граѓанско образование. За секое подрачје планирани се теми, а потоа и содржини во временска рамка за цела година. Реализацијата се евидентира во дневникот за воспитна работа на секоја воспитна група.

Во воннаставните активности учениците се вклучени по насоки од наставниците почитувајќи ги евентуалните интереси и желби на учениците. Најчесто се вклучени сите ученици, без разлика на пол, етничка и социјална припадност и вид на попреченост. Учениците се вклучени и во меѓународни проекти, а афирмацијата на училиштето и учениците е преку учества на разни настани, образовни емисии, собири, асоцијации и изработки во училиштето.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Центарот прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според струка, образовен профил, по учебни години и за сите класификациони периоди. Од податоците во однос на постигања, поведение и изостаноци на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека се многу добри. Средниот успех на ниво на училиште за последните три учебни години е 3,92. Просечниот број на изостаноци во последните три учебни години изнесува 0,4 по ученик, од кои, 0,2 изостаноци по ученик се оправдани и 0,2 неоправдани. Иако пралелките имаат многу мал број ученици, не секогаш наставниците навремено реагираат за евидентирање на присутноста на учениците на час.

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за подршка и следење на планирањата. Планирањата се разгледуваат од педагогот на почетокот на учебната година, а дневно оперативните планирања за наставен час само кога се реализира посета на наставен час. Повратната информација е усна.

При посета на часови костатирани се соодветни методи за ученици со посебни образовни потреби. Поради неминовноста на индивидуалниот пристап кон учениците со посебни образовни потреби, интеракцијата меѓу наставниците и учениците е максимална во секој дел од наставните часови, но поради спецификите на учениците, различните образовни потреби и минималниот број во паралелка, многу ретко може да се примени работа во групи. Поради попреченоста, учениците ретко поставуваат прашања за она што не им е јасно и покрај тоа што наставниците редовно ги охрабруваат. За реализација на практична обука на ученик кај работодавач, склучени се договори со компании.

Употребата на ИКТ во наставата од страна на наставници е добра. Најчесто се применува визуелна презентација со користење на икт опрема. Училиштето има и смарт табли кои се користат како пано за проекција на презентациите. Стручните предмети, каде на часовите се изработуваат производи или творби се многу поактивни. Успешноста на часовите е во тесна врска со проценката на потребите на учениците како и со проценката на нивната индивидуална општа состојба. Нискиот степен на концентрација и лесното заморување на учениците се надминува со стимулирање од страна на наставниците. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците и на соодветен начин ги поттикнуваат активно да учествуваатво наставата и во целост нивниот придонес се почитува. При постигнување на воспитно - образовните цели редовно ги пофалуваат учениците.

Училишниот простор, како и делот за згрижување, сместување и воспитување на учениците е безбеден за изведување настава и други воспитно-образовни активности. Сите ученици се осигурани заради потребите при реализирањето на практичната настава.

Хигиената во училишниот објект делумно задоволува. Истото се должи на долг период на неофарбани ѕидови, дотраеноста на инвентарот, подовите, особено во дел од училниците и машинската работилница во која се реализира практична настава за машинска струка, како и недостаток на технички персонал за одржување на објектот. Учениците постојано се поучуваат од наставниците како да се однесуваат кон потенцијално опасните места. Кровот на училиштето прокиснува, истиот е од азбест и претставува потенцијална опасност по здравјето на учениците. Во училишниот двор при спроведување на интегралната евалуација евидентно беше присуство на кучиња скитници. Училиштето има пропишани процедури за заштита од елементарни непогоди, насилство и договорени процедури за грижа за учениците со емоционални потешкотии од било кој вид. За спречување на насилство раководителите на паралелките разговараат на оваа тема со учениците и нивните родители.

Центарот има изготвено кодекси на однесување за сите структури во училиштето и домот. Кодексите се истакнати на видно место во училиштето и во најголема мера се почитуваат од сите структури. Во центарот има организирана бесплатна исхрана за учениците сместени во ученичкиот дом, а еден оброк е обезебеден и за учениците кои не се сместени во ученичкиот дом. Исправноста на храна се проверува од надлежни институции.

Мал е бројот на ученици кои го продолжуваат образованието на повисоко ниво. Поголемиот дел од учениците се вработуваат во компаниите со кои училиштето има соработка за реализирање на практичната настава. Подетални информации и насоки за вработување учениците добиваат најчесто од предметните наставници по практична настава.

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала делумно задоволува. Нагледните средства што се користат по општообразовните предмети, а особено по наставните предмети физика и хемија се дотраени и неопходно е нивно обновување.

Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на 18 наставници со соодветно образование. Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој при што ги има во предвид основните професионални компетенции за наставници,

но нема изготвено програма за професионалниот развој базирана на детектираните потреби на наставниците.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства, но не секогаш се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план и програма. Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор.

Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор). Нема номиниран член од Министерството за образование и наука и член од деловната заедница, иако училиштето доставило барање до двете институции. Сите избрани членови имаат важечки мандат и работата на училишниот одбор е дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето, директорот делумно работи согласно изготвената Програма за работа и не презема доволно активности согласно пишаните приоритети во програмата.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со дел бр.02-297 од 27.08.2014 година, донесен на училишен одбор. Има Решение за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ДУЦОР ,,Партенија Зографски‘‘, одобрено од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УП1 бр.18-3197/2022 од 06.02.2023 година.

Училиштето, преку тимско работење има изготвено Самоевалуација за период од учебна 2021/2022 и 2022/2023 и истата е заверена со дел.бр.01-292/1 од 30.08/2023 година.

Училиштето има изготвено Програма за развој за период од четири учебни години од 2023 - 2027, заведена со бр.01-394/1 од 04.10.2023 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години, а истата е усвоена од Училишен одбор. Во Програмата за развој на училиштето поставени се четири стратешки цели:

1. Подобрување на условите за реализацирање на квалитетна воспитно-образовна работа.
2. Подигнување на квалитетот на воспитно-образовна работа и постигањата на учениците.
3. Подигнување на квалитетот на воспитно-образовна работа преку стручно усовршување на наставно воспитниот кадар и стручната служба и
4. Градење на уписна политика преку подобрување на комуникацијата и соработката со локалната заедница и родителите.

Покрај стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели и активности.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа, заведена со дел.бр.01-297/1 од 30.08.2023 година, усвоена од Училишен одбор и во пропишаниот рок е доставена до Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование и Државен просветен инспекторат. Дел од содржината не ја отсликува точната фактичка состојба констатирана при спроведување на интегралната евалуација.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето има регистриран училишен спортски клуб ДУЦОР „Партенија Зографски“-Скопје со Решение од Централен Регистар на РМ заведен под дел.бр.30120170022384 28.11.2017 година. Училишниот спортски клуб е активен.

Училиштето има мисија, визија, свое мото и свое лого.

Училишниот објект и опрема се осигурани. Средствата за осигурување се обезбедени од основачот. Осигурувањето е за период од 10.03.2023 до 10.03.2024 година со полиса за осигурување бр.080000081400 издадени од ‘‘Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса‘‘.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и од увидот во сите седум подрачја, тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **делумно задоволува**[1].

## Карактеристики на училиштето

ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Скопје е училиште за средно образование на ученици со оштетен слух во РСМакедонија. Организирана активност на оспособувањето на оваа популација во Републиката започнува уште во 1953 година кога група младинци започнале со изучување на столарскиот и килимарскиот занает. Основна дејност на Центарот е образование, воспитување, рехабилитација, професионално и работно оспособување на ученици со оштетен слух од РС Македонија.

ДУЦОР „Партенија Зографски“ е воспитно - образовна установа кое се наоѓа во Триангла, н.Маџари, Општина Гази Баба на ул.„Благоја Стефковски“ бр.45. Центарот е основан со решение од Извршен совет на Република Македонија од 17.05.1955 година како Стручно занатско училиште за глуви деца. Наставата се одвивала во зградата на тогашната Заштитна работилница „Светлост“ - Скопје. Од 1975 година воспитно-образовниот процес се одвива во објектите во кои работи Центарот и денес. Училиштето и ученичкиот дом се регистирани во Централен регистар на РС Македонија со Решение со ЕДБ 30120210012222 и ЕМБС 4063783 со последен упис на промена на 31.03.2021 година.

Со Решение бр.11-562/3 од 22.05.1996 година, Центарот е верифициран за следните струки и занимања (тригодишно образование со настава од четири години) за: машинска струка - бравар, металостругар и автолимар; текстилна струка – конфекционер; дрвопреработувачка струка - столар и графичка струка – печатар и книговезувач.

Верифицирана е и експериментална настава според програмата за Реформирано средно стручно образование и обука во Република Македонија за образовните профили бравар-заварувач, обработувач на метали од машинска струка и конфекционер од текстилна струка со четиригодишно треање за тригодишно образование.

Со Решение бр.11-316/5 од 21.06.2011 година, извршена е верификација на условите за реализација на Наставен план и програма во четиригодишно образование со времетраење од пет години, за образовниот профил машински техничар под машинска струка и конфекциски техничар од текстилно-кожарска струка.

Центарот својата дејност ја остварува во два наменски изградени објекти, и тоа: училишна зграда и ученички дом со вкупна површина од 5272 м$^2$ и простран училишен двор со вкупна површина од 25000 м2 и спортско игралиште од 1000м2. Училишната зграда во која се изведува воспитно-образованата работа од Центарот е со вкупна површина од 4102 м$^2$, настава и практична работа се реализира во 14 училиници и три кабинети - лаборатории за вежби, еден кабинет по информатика, две работилници и фискултурна сала. Во училишната зграда опремени се седум апартмани за сместување студенти и ученици. Ученичкиот дом е со вкупна површина од 1170м$^2$ со 56 спални соби, занимални за учење и рекреација, сала за приредби, ТВ сала, кујна со трепезарија, бањи и др.помошни простории. Загревањето на двата објекта е со парно греење.

Во учебната 2023/2024 година училиштето го посетуваат 38 ученика (27 машки и 11 женски), распоредени во 14 паралелки од прва до петта година (тригодишно со времетраење од четири години и четиригодишно со времетраење од пет години) и за ученици/лица кои не го оформиле образованието се организира работно оспособување.

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, педагог, психолог и 18 наставника и еден од друго училиште кој надоплнува часови во ова училиште. Воспитно згрижувачката работа ја изведуваат 7 (седум) воспитувачи. Според образовниот профил наставниците се со високо образование. На неопределено работно време се 12 наставника и 6 наставника се на одределено работно време. Во училиштето, во текот на интегралната евалуација нема наставник приправник. Според полот 11 се жени и 7 се машки, според етничката припадност 17 наставника се македонци и еден е србин.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски” се реализира врз основа на наставни планови и програми за:

-машинска струка и тоа машински техничар, четиригодишно стручно образование со времетраење од пет години и бравар заварувач, тригодишно стручно образование со времетраење од четири години;

-текстилно-кожарска струка, конфекциски техничар четиригодишно стручно образование со времетраење од пет години и конфекционер тригодишно образование во траење од четири година.

Применуваните наставни планови и програми за ученици со оштетен слух се во согласност со донесените програмски документи изготвени од БРО и Центар за средно стручно образование и обука а одобрени од МОН. Наставата по англиски јазик се реализира согласно адаптирана наставна програма за ученици со оштетен слух, воведена 2018 година за што центарот има решение од МОН. Има потреба од ревидирање или покренување на иницијатива за измени на постоечките НПП кои се од

поодминат период, ако се земе в предвид дека во училиштето има ученици со различни пречки и посебни образовни потреби.

Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем. Во центарот се реализира редовна настава, практична настава (се реализира паралелно со стручно теоретската настава, дел во цетарот, а дел во компании), феријална практика за ученици од трета и четврта година, дополнителна и додатна настава, изборна настава (за учениците во четиригодишно образование во четврта и петта година), слободни часови (програми изготвени од наставниците) и подготвителна настава за учениците од завршните години за полагање на завршен испит.

Центарот користи повеќе начини да ги информира учениците и родителите со наставните планови и програми кои се реализираат и тоа преку родителски средби на почеток од учебната година, социјални мрежи-фб групи, брошура за информирање, индивидуални разговори со родители, совет на родители и др. Веб страната на училиштето не е ажурирана. Има добри примери на настапи на дел на наставниот кадар и директорот на образовни тв емисии со цел запознавање со наставните програми и начинот на  реализација. Во центарот сите 38 ученици се со посебни потребии тоа со оштетен говор, целосно оштетен слух, ученици со пречки во говорот (кои не зборуваат) и комбинирани пречки. Сите ученици имаат наод и мислењепри уписот во центарот. За ученици со аутизам и комбинирани пречки (4 ученици) центарот има инклузивен тим и инклузивен тим за секој ученик посебно. За овие ученици се изработува ИОП. Поддршка се дава од инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим за секој ученик. Изборот на предмети од листата на изборни предмети во наставните планови се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука. Постапката за избор на предмети се почитува, а во претходниот период учениците и родителите се информирани за  програмите на понудените наставни предмети (еден предмет од општообразовни предмети и еден од стручни предмети). Во училиштето се планираат и реализираат проектни активности во рамките на слободни часовии тоа Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем и Програмски јазик Python и Javascriptи примена преку играMinecraft. Програмите, наставниците ги модифицираат за работа со ученици со ПОП. Содржини програмирани од училиштето овозможуваат стекнување знаења и вештини од областа на информатика и хемија. При вклучување на учениците се почитува нивниот интерес со претходно објаснување на програмите.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Во Центарот се разменуваат мислења  за  наставните планови и програми и можности за нивна поголема флексибилност во реализацијата од аспект на индивидуалните можности на учениците. При планирањето и реализицијата на наставата, често се интегрираат карактеристиките и потребите на локалната средина. а особено при реализација на  практичната настава и воннаставните активности.

Постојат примери на интегрирање на меѓупредметни цели, како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и др.

Центарот има покренато иницијатива и има воведено англиски јазик, адаптирана наставна програма за ученици со оштетен слух во сите наставни години и струки.

## 1.3 Воннаставни активности

Во Годишната програма за работа на центарот планирани се разновидни воннаставни активности: културно уметнички и работно производствени, физичко рекреативни и општествено забавни. Во воннаставните активности учениците се вклучени по насоки од наставниците почитувајќи ги евентуалните интереси и желби на учениците, без разлика на пол, етничка и социјална припадност и вид на попреченост.

Во училиштето активно работи драмска секција, шаховска, пинг понг, мал фудбал, кошарка, ликовна секција и планинарење. Се води грижа за вклучување на сите ученици во воннаставните активности и најчесто сите се вкучени. Најважниот дел при реализација на воннаставните активости е водење грижа за безбедноста на учениците во училишниот простор а особено вон училиштето.

Учениците со голема помош и поддршка работат на проекти и се носат во посети на институции (Грнчарство, посета на народна банка, посета на собрание, обележување на Меѓународен ден на знаковниот јазик, одбележување на меѓународен ден на лицата со попреченост, образовен форум (збогатување на википедија, покренување на кампањи и многу други). Учениците се вклучени и во меѓународни проекти: Еразмос+ во делот на стручно оспособување, развивање на нови знаења и вештини во струките и др., RYKO младинска размена со ученици од западен Балкан, Карневал организиран од Р.Хрватска со долготрајна традиција на кој учениците изработуваат маски и кореографија, Е TWINING кој се реализира онлајн, учество на дебати од областа на демократијата, глуви претприемачи, камп за инклузивна толеранција и др. Вонnаставните активности се афирмираат редовно со учество на учениците на образовни емисии, собири, асоцијации и изрботки во уучилиштето. За реализација на активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, училиштето има склучено Договор за соработка бр. 02-389 од 04.10.2023 год. со партнер училиште ПСУ „Јахја Кемал“ Скопје. Има изготвено акционен план за заеднички активности бр.01-297/2 од 30.08.2023 година. Во периодот на претходните две учебни години, реализирани се работилници, посети на знаменитости со група ученици од мешан состав.

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигнувања на учениците

Центарот прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според струка, образовен профил, по учебни години и за сите класификациони периоди. Изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Среден успех на учениците од машинска струка односно бравар заварувач за послените три учебни години е 3,54, машински техничар е 3,93, и текстилен техничар средниот успех е 4,30. Средниот успех на ниво на училиште за последните три учебни години е 3,92. Истите анализи со пресек односно споредбени анализи на крајот од првото полугодие и на крај од учебната година покажуваат дека нема значајно отстапување. Податоците се интересни од аспект што има паралелки со по еден ученик. Има добри податоци за следење на постигањата индивидуално за секој ученик посебно со редовно ажурирања на досиеата на учениците.

Учениците во завршните години полагаат завршен испит согласно закон. Нема ученици кои не го положиле завршниот испит.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку групни советувања на родителите од страна на стручната служба (во текот на учебна година се реализираат по четири советувања).

Најголембројна наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, и учениците со пречки во развојот. Наставниците реализираат дополнителна настава во зависност од можностите на учениците да ја следат наставата. Додатна настава се реализира по предметите македонски, англиски јазик и од машинска струка како дел од програма од проект Еразмус. Додатната настава ретко се реализира поради утврдените можности на учениците.

Училиштето ја спроведува следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците во рамки на училиштето.

Учениците се вклучени во натпревари меѓуучилишни спортски натпревари во мини баскет, тробој, пинг понг, на ниво на град и меѓународни. Добиени се награди во фудбал Београд опен, на Државни спортски игри за ученици со ПОП и др.

## 2.2 Задржување/ осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од Скопје и од други градови во Република Северна Македонија. Уписите на ученици се вршат согласно конкурсот од МОН при што се доставуваат и наоди и мислење за видот на попреченоста

на секој ученик. Центарот врши промоција за уписи на ученици низ цела територија на државата, по добиени информации за видот на попреченост кој соодејствува со работата во центарот.

Редовноста на учениците се следи на дневно ниво со барање и добивање на информација за секое изостанување на учениците со непосредно контактирање на родителите. Дел од учениците (16 ученици) се сместени во ученичкиот дом и се под надзор на воспитувачите.

Психологот има реализирано четири советување на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Од извештаите се воочува дека центарот навремено реагирал на ненајавено отсуство на ученици кои отишле во друг град на посета кај другар. Просечниот бројнаизостаноци во последните три учебни години изнесува 0,4 поученик, од кои 0,2 изостаноци по ученик се оправдани и 0,2 неоправдани. Иако прапалелките имаат многу мал број ученици, не секогаш наставниците навремено реагираат за присутност на учениците на час. Центарот има анализи на секои класификациони периоди, по учебни години. Нема утврдено самоволно напуштање на настава по одреден предмет. Анализите и статичките податоци редовно се презентираат на наставнички совет. Грижата за присуството на учениците и нивното движење е на делумно задоволува.

Центарот има анализи на секои класификациони периоди, по години по учебни години. Нема утврдено самоволно напуштање на настава по одреден предмет. Анализите и статичките податоци редовно се презентираат на наставнички совет. Грижата за присуството на учениците и нивното движење е на делумно задоволува.

Во центарот има еден ученик кој е осипан во минатата учебна година за што е спроведена законска процедура со пријавување до ДПИ. Има податоци за состојбата на семејството, остварување на контакти за наоѓање на ученикот кој бил запишан на сопствено барање во центарот.

Нема испишување на ученици ниту премин во друга установа или училишта.

### 2.3 Повторување на учениците

Во центарот, последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за подршка и следење на планирањата. Планирањата се разгледуваат од педагогот на почетокот на учебната година а дневно оперативните планирања за наставен час само кога се реализира посета на наставен час. Повратната информација е усна.

Сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања но дневно оперативните подготовки за реализација на наставен час кај дел од наставниците не ги содржат неоходните елементи за организација и реализација на часот. Дел од наставниците користат унифицирани обрасци за планирање на часот. Планирањата на наставниците даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува од учениците да научат. За учениците со ПОП се планира индивидуален образовен план со подршка од инклузивниот тим. Наставниците не ги користат информациите од оценувањето за да ги прилагоди планирањата за задоволување на образовните потреби на учениците. Ретко се планираат очекувани ефекти од реализација на часот.

Ретко се планира дополнителна и додатна настава.

Наставниците разменуваат искуства во рамките на стручните акиви како и искуства од посетите на училишта со слична проблематика со проектите од Еразмус.

Работата во ученичкиот дом е планирана со Календар на воспитно-образовната работа во учебната година преку подрачјата: Физичко и здравствено воспитување, интелектуален и емоционален развој на учениците, естетско воспитување, работно воспитување и општествено корисен труд и граѓанско образование. За секое подрачје планирани се теми а потоа и содржини во временска рамка за цела година. Реализацијата се евидентира во дневникот за воспитна работа на секоја воспитна група.

Распоредот за реализирање на настава е изготвен од наставник по стручни предмети. Земени се во предвид кадарот во училиштето, наставен кадар што доаѓа од друго училиште и потребите на учениците. Распоредот за посета на компании се дефинира со договорот за соработка.

## 3.2 Наставен процес

Наставниот кадар кој го реализира наставниот процес е соодветен за организирање и реализирање н наставата. Кај дел од наставниците кои не го познаваат знаковниот јазик има потешкотии при реализацијата кога работат со глуви ученици. Сите наставници имаа изготвено и користеа дневно оперативен план за часот. Наставниците работат со учениците индивидуално користејќи индивидуален пристап што соодветствуваа на потребите на учениците според нивните можности, а за тоа има можност затоа што се работи со по 1, 2 или 3 ученика во паралелка.

Најчесто се применува визуелна презентација со користење на икт опрема. Училиштето има и смарт табли кои се користат како пано за проекција на презентациите. Голем дел од наставниците користат икт опрема. Стручните предмети, каде на часовите се изработуваат производи или творби се многу поактивни. Учениците се максимално посветени на изработување, а наставниците ја даваат потребната поддршка. Ова е изводливо земајќи в предвид дека наставниците работоа на часот со по еден до три ученика колку што има во паралелка.

Изборот на задачите и активностите што се работат во училиште делумно се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците, односно се адаптирани според капацитетот и можноста на ученикот. Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Во училиштето не се користат бесплатни одобрени учебници затоа што учебници нема.

Успешноста на часовите е во тесна врска со проценката на потребите на учениците како и со проценката на нивната индивидуална општа состојба. Нискиот степен на концентрација и лесното заморување на учениците се надминува со стимулирање од страна на наставниците. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците и на соодветен начин ги поттикнуваат активно да учествуваатво наставата и во целост нивниот придонес се почитува. При постигнување на воспитно-образовните цели редовно ги пофалуваат учениците.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, можности како и нивната етничка припадност.

Училиштето нема интерна процедура за следење на наставниот процес. Посета на часови врши директорот и стручната служба со претходна најава за посета.Во доставениот протокол за набљудување на наставен час нема планирање и реализација на ИОП. Од реализирање на набљудување на наставен час изостанува заклучок од набљудуваниот наставен процес како и насоки за подобрување.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. При посета на часови костатирани се соодветни методи за ученици со посебни образовни потреби. Поради неминовноста на индивидуалниот пристап кон учениците со посебни образовни потреби интеракцијата меѓу наставниците и учениците е максимална во секој дел од наставните часови, но поради спецификите на учениците, различните образовни потреби и минималниот број во паралелка, многу ретко може да се примени интеракција на релација ученик-ученик. Поради попреченоста учениците ретко поставуваат прашања за она што не им е јасно и покрај тоа што наставниците редовно ги охрабруваат. За реализација на практича обука на ученик кај работодавач, склучени се договори со компанија СТУДЕНТСКИ СЕВИС (за ученици од машинска струка), компанија Боро Каевиќ (3 ученика од машинска струка) и компанија ТАМА ПАК (за 4 ученици бравар заварувач). Практичната обука од текстилна струка се реализира во центарот. Ретко се следи реализацијата на обуката.

За периодот поминат на обука, се склучува договор за обука меѓу училиштето, и работодавачот но нема потпишано од родителите или ученикот. Ретко се следи реализацијата на обуката.

Во ученичкиот дом се реализира планирано занимање и работа со учениците за подготовка за наставата а реализацијата уредно е евидентирана во дневник за работа. Во домот се сместени и се работи со 160 ученици (и од други училишта) меѓу кои 16 ученици со оштетен слух.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Средината во која учат учениците е добра и овозможува добри услови за учење. Најголем број од родителите, го доживуваат училиштето како пријатно и безбедно место, кое мотивира за престојување и учење. Заедничкиот училишен простор е уреден со едукативни содржини од повеќе области, содржини од воннаставни активности и материјали поврзани со посети на учениците на разни институции и катчиња со удобен намештај за прослави и други случувања. Мал е бројот на истакнато трудови од учениците а најчесто се изработки и цртежи. Најчесто застапени се плакати и промотивен материјал со јасни пораки од обласа на воспитанието, образованието, струката на училиштето и пораки од културата и хуманизмот.

Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со редовната настава и воннаставните активности.

Наставниците, презентираат примери од реалниот живот за подобро совладување на одредени содржини. Содржините на часовите по стручни предмети многу често се прикажани преку поврзување на реални ситуации.

Сите ученици имаат можност да се искажат. Наставниците ги поттикнуваат да учествуваат на часот.

Најчесто има добра интеракција меѓу учениците и наставниците. Има добри примери каде има договорно поттикнување со наградување на ученици преку моторичка комуникација (плескање со раце или поздрав на одреден начин прифатлив за ученикот) како и пофалување.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници вршат идентификација на образовните потреби на учениците земајќи го впредвид наодот и мислењето од соодветна институција. За учениците со ПОП се реализира ИОП преку процесот на учење. Наставниците имаат потреба од соодветна обука за познавање на знаковниот јазик за подобра комуникација со глувите ученици.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценките се утврдуваат согласно критериумите во наставните програми и индивидуално образовните планови.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори, преку изработка на контролни работи, ретко тестови, изработка на проекти и други изработки на ученици.

Најголем број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Оценувањата не се користат за подобрување на планирањата и реализацијата на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги известува родителите за постигнатиот успех на нивните деца. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални средби со предметните наставници и секојдневна комуникација. Поголем дел од родителите имаат можност за увид во постигањата преку е-дневникот. Наставниците комуницираат со родителите и преку социјалните мрежи.

Родителите се известуваат за постигнатиот успех по наставни предмети на секое тримесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации, писмена работа, контролни задачи, тестови и изработени проекти. За постигнатиот успех учениците добиваат евидентни листови и сведителства. За пет наставници нема овозможено влез и водење на е – дневник, иако од центарот имаат уредна документација за барање интервенција од администраторите на е- дневникот од МОН. Родителите можат да ја следат секојдневната настава, оценувањето, изостаноците, слободните ученички активности и други училишни активности. Со одредени родители се контактира со видеокол поради тоа што се глуви.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор, како и делот за згрижување, сместување и воспитување на учениците е безбеден за изведување настава и други воспитно-образовни активности. ДУЦОР„Партенија Зографски“ има Правилник за заштита од пожари како една од мерките за заштита од елементарни незгоди. Со овој правилник се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда, ученичкиот дом и училишниот двор. На видно место, на влезот во училиштето, како и на катот истакнат е планот за евакуација во случај на елементарна непогода. Низ центарот (училишен објект, ученички дом, кујна и фискултурна сала) има распоредено 13 хидранти и 36 ПП апарати, за кои е извршена проверка на исправноста и сервис од Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со потивпожарни апарати, уреди опрема и средства „Рени Инженеринг“ Скопје за што е издадена Потврда бр.92/23 од 14.02.2023 година дека сите ПП апарати се во исправна состојба, а за исправноста на хидрантите е сочинет Записник бр.32/23 од 17.02.2023 година во кој е констатирано дека хидрантите не го задоволуваат потребниот притисок.

Сите ученици се осигурани заради потребите при реализирањето на практичната настава, за што е приложена Полиса бр.010000015734 со важност до 10.03.2024 година. Објектите во склопот на центарот и опремата се осигурани од пожар и некои други опасности за што е приложена Полиса бр.080000081400 издадена од А.Д Осигурителна полиса со важност до 10.03.2024 година. Во центарот има вработено двајца чувари кои физички ги обезбедуваат објектите во ноќниот период. Во ученичкиот дом е организирано работењето на воспитувачите во текот на 24 часа. За време на големиот одмор за безбедноста на учениците се грижат дежурни наставници.

Во училиштето функционира и видео надзор на начин утврден со Правилник за вршење на видео надзор усвоен со Одлука бр.02-29/7 од 15.01.2014 година.

Во ДУЦОР „Партенија Зографски“ има еден обучен воспитувач за давање прва помош за што е приложена Потврда бр.0302-150 од 12.10.2022 година издадена од Црвен крст на РСМ – Општинска организација Гази Баба.

Во текот на последниве три години е извршена симулација за заштита од елементарни незгоди, земјотрес или пожар, адаптирана на знаковен јазик.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Учениците постојано се поучуваат од наставниците како да се однесуваат кон потенцијално опасните места. Кровот на училиштето прокиснува, истиот е од азбест и претставува потенцијална опасност по здравјето на учениците.

Во училишниот двор при спроведување на интегралната евалуација евидентно е присуство на кучиња скитници. За проблемот со кучињата училиштето се обратило до ЈП „Лајка“-Скопје како надлежна институција за нивно заловување.

Центарот има изготвено кодекси на однесување за сите структури во училиштето и домот. Кодексите се истакнати на видно место во училиштето и во ученичкиот дом кодексот го почитуваат во најголема мера сите структури.

Во училиштето има пишани документи за спроведување на училишна политика за ненасилство во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. За спречување на насилство раководителите на паралелките разговараат на оваа тема со учениците и нивните родители. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Во склоп на годишната програма за работа содржана е програма со акционен план за реализација на активности од превенција од насилство. Активностите за заштита и безбедност на учениците центарот ги координира со надлежните институции, најчесто со Здравствени организации, Црвен крст, Министерството за внатрешни работи и Народен правобранител. Во последниве три години во училиштето нема евидентирано случај на насилство.

Психологот, покрај советодавна работа со учениците, реализира работилници на кои се третираат актуелни теми како почитување на разликите, дискриминација и предрасуди, развивање самопочит, другарство.

Во училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и употреба на наркотични супстанции а истото е содржано во куќниот ред. Нема забележано вакви појави во училиштето. Низ центарот има истакнати знаци за забрана за пушење.

Во центарот има организирана бесплатна исхрана за учениците сместени во ученичкиот дом, а еден оброк е обезебеден и за учениците кои не се сместени во ученичкиот дом. Во склоп на ученичкиот дом има кујна каде се подготвува храната и трпезарија. Училиштето има увид за квалитетот на храната што се нуди само по инцијатива на  надворешни институции. Последна проверка на условите во кујната е извршена на ден 25.09.2023 година преку редовен инспекциски надзор од Агенција за храна и ветеринарство за кој е сочинет Записник бр.26-3609 од 25.09.2023 год во кој не се утврдени неправилности

Во училиштето, на споредниот влез, има пристапна рампа со што се создадени услови за движење на лица со телесни пречки во развојот и тоа само на приземјето, без специјален тоалет за деца со посебни физички потреби. И во ученичкиот дом призмените простории овозможуваат пристап за ученици со телесни пречки во развојот. Оваа учебна година во центарот нема вклучено ученици со телесни пречки.

Во училиштето има договорени процедури за помош на ученици од  социјално загрозени семејства. Училиштето нема увид колкав број од учениците се од семејства примател на социјална помош.При реализирање на вонннаставните активности, истите се целосно со средства обезбедени од училиштето, без вложување средства од страна на родителите. Притоа, по потреба, училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (Центарот за социјална работа, хуманитарните организации и деловната заедница).

## 4.2 Здравје

Хигиената во училишниот објект делумно задоволува. Истото се должи на дотраеноста на инвентарот, подовите, особено во училниците и машинската работилница во која се реализира практична настава за машинска струка и недостаток на технички персонал за одржување на објектот. Во текот на учебната година во објектите на центарот се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а последната е извршена на 09.09.2023 година од страна на Трули Нолен НМ Дооел, за што е издена фактура бр.0148/23 од 11.09.2023 година  Тоалетите за наставниците и за учениците редовно се чистат во текот на денот. Во однос на одржувањето на хигиената приложени се

записници од извршени редовни инспекциски надзори на ДСЗИ во кои не се утврдени неправилности.

Ходниците и скалите во училиштето се чистат еднаш во денот, подот и мебелот во училниците се чистат по завршувањето на наставата, а останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти редовно но најмалку по двапати во текот на годината. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.

Дворот на училиштето е чист од отпадоци. Поголем дел од зелените површини, во училишниот двор не е естетски уреден, а не се одржуваат ниту асфалтираните делови. Во училишниот двор, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во склоп на годишната програма на училиштето содржана е програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците со акционен план за реализирање на активностите. Училиштето има и програма за превенција од заразни болести. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените. Последниот систематски преглед е извршен во месец септември 2023 година во ПЗУ Никоб Медикал Скопје со кој се опфатени 44 вработени за што се приложени извештаи од спроведените прегледи, а за реализирање на санитарниот преглед склучен е Договор заведен со бр.05-254/21 од 05.09.2023 година со ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје за реализирање на 50 санитарни прегледи. Нивното реализирање е во тек. Во соработка со Здравствен дом Скопје, Подрачна служба Автокоманда редовно се вршат систематски прегледи за учениците од прва и четврта година и вакцинирање на учениците согласно со националната програма за здравствена заштита.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго отсуствуваат од настава. Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на раководителот на паралелката или предметен наставник, во соработка со родителите и други релевантни институции.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување на учениците само на барање на надворешни субјекти. Подготовката што ја организира училиштето за таа цел е ограничена и се нудат само општи информации на барање на родителите и учениците. Мал е бројот на ученици кои го продолжуваат образованието на повисоко ниво. Поголемиот дел од учениците се вработуваат во компаниите со кои училиштето има соработка за реализирање на практичната настава. Подетални информации и насоки за вработување учениците добиваат најчесто од предметните наставници по практична настава.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални потешкотии кај учениците од било кој вид. Во склоп на годишната програма за работа содржана е и програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии, со утврдена временска рамка за реализација на активностите. Со Решение бр.03-359 од 18.09.2023 година донесено од директорот на училиштето формиран е тим за емоционална поддршка составен од три члена (педагог, психолог и наставник) кој оваа учебна година има одржано еден состанок за кој е сочинет записник бр.03-359/2 од 18.09.2023 година.Стручниот соработник психолог е обучен да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. За учениците со емоционални потешкотии, центарот по потреба соработува со институции како што се здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција и други.

## 4.4 Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења. Се врши следењето на постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Раководителите на паралелката водат уредна евиденција во дневникот на паралелката за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Раководителите на паралелката на крајот од секое тримесечие, односно четири пати во текот на наставната година поднесуваат извештај за постигањата на учениците во паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенските часови, а родителите на родителски средби.

Стручниот соработник педагог изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците во училиштето по паралелки и години и подготвува анализи. Стручниот соаботник психолог квартално изготвува извештаи за постигањата на учениците со оштетен слух и говор и редовните ученици од други средни училишта на територијата на Град Скопје сместени во ученичкиот дом.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки (воспитни групи) се доставуваат на увид на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, воспитувачите, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се разгледуват на органите во училиштето и се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

ДУЦОР„Партенија Зографски" е препознатливо како единствено средно училиште на територијата на државата во кое учат ученици со оштетен слух и говор. Училиштето ја поддржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето се чувствуваат одредени нарушени меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето има посебни кодекси за однесување за сите структури во центарот и ученичкиот дом и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои добра соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во

одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените, родителите, како и посетителите на училиштето.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува Упатството за начинот на изрекување педагошки мерки врз основа на кое има изготвено интерен правилник за изрекување педагошки мерки. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина, упатена кон припадниците на различните етнички заедници. Во последните три години училиштето нема изречени педагошки мерки опомена пред отстранување и отстранување.

Училиштето има ученичка заедница во која се вклучени сите ученици со оглед на малиот број, со избран претседател и записничар. Притоа учениците добиваат поддршка од стручните соработници особено при изготвување на програмата за работа на ученичката заедница и изготвување записници од одржаните состаноци. Оваа учебна година, до моментот на надзорот, ученичката заедница има одржано еден состанок. Сите ученици се навремено информирани и учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат со свои мислења и предлози при донесување на одлуки што се од нивен интерес.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето нередовно превзема активности за промовирање на постигањата на учениците. Истото го спроведува преку презентации на постигањата во други училишта и други ученички домови. Училиштето користи начини за промовирање на личните постигања на учениците и во пошироката локална средина преку соработка со јавните гласила.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање научениците за постигнување подобри резултати во учењето.

Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално ниво, регионално и државно ниво и тоа најчесто спортски натпревари, учество на меѓународен карневал во Риека со изработени маски и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето соработува со ДСУ„Наум Охридски“ – Скопје и заедно ги планираат и организираат регионалните спортски игри за учениците со посебни образовни потреби.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознаени со правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Училиштето во своите програмски документи планира и реализира активности за запознавање на учениците со културата и традицијата на другите етнички заедници. Со Решение бр.03-288/3 од 25.08.2023 година од директорот на училиштето формиран е тим за планирање и следење на реализираните активности од проектот за

меѓуетничка интеграција. Училиштето има склучено Договор за соработка со ПСУ Јахја Кемал Скопје за реализирање на заеднички активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција заведен со бр.03-389 од 04.10.2023 година. Училиштето изготвува извешати за реализираните активности. Во последните три години остварени се три средби со партнер училиштето, а истото се должи и на мерките пропишани во време на ковид пандемијата.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и групни родителски средби приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедура за избор на членовите на Советот на родители и на претставниците на родителите во Училишниот одбор кои се содржани во статутот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родителите во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е остварува соработка со деловната заедница и тоа со стопанските субјекти во кои учениците реализираат практична настава како што се Друштво за производство трговија и услуги „Студентски сервис - Скопје ДОО увоз-извоз“, компанија „Боро Каевиќ“ и „Тама Пак – Скопје“, соработка со невладините организации Асоцијација за здравствена едукација и истражување „Крик“, „Младински образовен форум“, здружението „Дубица“ и соработка со Националниот сојуз на глуви и наглуви, општински здруженија на Сојузот на глуви и наглуви и Националната агенција за образовни програми и мобилности.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Дејноста на ДУЦОР „Партенија Зографски“ се остварува во два наменски изградени објекти и тоа, училишна зграда и ученички дом. Двата објекти се од тврда градба. Училишната зграда во која се остварува воспитно-образовната работа има површина од 4102m$^2$ со приземје и два ката во која се сместени 14 училници и 3 кабинети лаборатории за вежби, еден кабинет по информатика и две работилници за реалзирање на практична настава. Во училишната зграда опремени се седум апартмани за сместување студенти и ученици, наставничка канцеларија, шест административни простории и една работилница за хаус-мајсторот. Во склоп на училишната зграда е и фискултурната сала со површина од 300 m$^2$. Ученичкиот дом во кој се остварува згрижувачко - воспитна дејност е со површина од 1170m$^2$ и се состои од приземје и три ката со 56 спални соби, занимални за учење и рекреација, сала за приредби, ТВ сала, кујна со трпезарија, седум бањи со санитарни чворови, перална и други помошни простории. Училишниот двор е со површина од 25 000 m$^2$ од кои 1000 m$^2$ е спортско игралиште. Истиот не е хортикултурно уреден, а на места се забележуваат оштетувања и на асфалтираните делови. Дворот на училиштето е целосно заграден.

Загревањето на училишниот објект е со централно парно греење.

Во училиштето има вкупно 14 санитарни јазли за ученици, 2 санитарни јазли во фискултурната сала и 2 за вработени. Санитарните јазли во фискултурната сала како и соблекувалните се дотраени и руинирани. При спроведувањето на интегралната евалуација е отпочната нивна санација.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Подовите во дел од училниците, а особено во работилницата за реализирање на практична настава за машинска струка се дотраени и е неопходна нивна санација. За да се обезбедат пријатни и ергономски услови за одвивање на наставата неопходно е да се искречат училниците кои делумно се оштетени и поради прокиснувањето на кровот. Кровот на училиштето е од азбест и претставува потенцијална опасност по здравјето на учениците. Врз основа на Измената на Програмата за изградба и реконструкција на средни училиште за 2023 година објавена во сл.весник бр.27/23 за ДЦОР „Партенија Зографски“ предвидени се финансиски средства за реконструкција на кровот на училиштето, тоалетите, тушевите и соблекувалните во спортската сала. Холовите на училиштето се пространи и уредени со клупи.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала делумно задоволува. Нагледните средства што се користат по општообразовните предмети, а особено по наставните предмети физика и хемија се дотраени и неопходно е нивно обновување.

Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала на ниво на стручни активи и прави напори за нивна набавка, според финансиските можности. Од наставни средства и помагала училиштето располага со целосна опрема и алат за изведување на практичната и теоретската настава по стручните предмети за текстилната струка. За машинската струка располага со неопходна опрема, алат и прибор за реализирање настава со учениците од прва и втора година, а часовите од практична настава со учениците од трета, четврта и петта година се реализираат во претпријатија, заради користење на понапредна технологија и подобра опременост. За реализирање на наставата по информатика училиштето располага со кабинет кој ги задоволува потребите за реализирање на наставата по предметот.

Од нагледни средства, центарот располага и со еден проектор со плафонски држач, 9 проектори со држач, три интерактивни смарт табли, три магнетни табли, три флипчарт

табли, една боарт-тач табла, 12 телевизори, еден принтер 3Д, еден принтер плотер, 16 принтери, една камера, 5 лаптоп компјутери, 57 персонални компјутери, еден скенер и друго.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи и во текот на годината според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и во учењето.

Училиштето располага со 238 лектирни изданија, 1423 наслови од стручна литература, 682 книги по жанрови, литература на странски јазик 1382. Како библиотека се користи кабинетот по македонски јазик во кој е распореден книжниот фонд. Пред кабинетот има адаптиран простор за читална. Училиштето нема вработено стручен соработник библиотекар. Приемот и складирањето на учебници го врши наставникот по македонски јазик. Библиотеката е отворена за користење во текот на училишниот ден и согласно со работното време на наставникот кој ја води. Книжниот фонд се води во инвентарна книга, но не се води електронски. Книжниот фонд од библиотеката е достапен и го користат и учениците од ученикиот дом.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности, во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно, според потребите со договорни постапки.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно-образовниот процес.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 18 наставници и еден наставник кој врз основа на склучена спогодба надополнува фонд во училиштето, а правото од работен однос го остварува во СУГС „Михајло Пупин“. Шест се вработени на определено работно време. Нема наставници приправници. Воспитно-згрижувачката работа ја изведуваат седум воспитувачи. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставната програма.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставен кадар, училиштето во соработка со основачот води грижа навремено да обезбеди соодветна замена.

Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно - образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Министерството за образование и наука, како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на административно - техничкиот персонал.

Училиштето има стручна служба составена од педагог и психолог. Психологот во своето досие нема приложено доказ за познавање на знаковниот јазик прку кој се остварува комуникација со учениците. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и во давање на советодавна помош на учениците. Стручните соработници имаат програма за работа кои се составен дел Годишната програма за работа.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој при што ги има во предвид основните професионални компетенции за наставници, но нема изготвено програма за професионалниот развој базирана на детектираните потреби на наставниците.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на интерни обуки кои најчесто се однесуваат на обука за знаковен јазик, семинари и на обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани обучувачи особено од областа на

дефектологијата. Во финансискиот план за тековната учебна година се предвидени средства наменети за обука на наставниот кадар.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. ДУЦОР „Партенија Зографски" се стекнува со дополнителни финансиски средства од вршење услуги за сместување и исхрана во летниот период кога просториите на ученичкиот дом не се користат од страна на учениците и по основ на партиципација од студентите сместени во ученичкиот дом. Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

ДУЦОР „Партенија Зографски" ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети ги отсликуваат приоритетите и образовните цели. Буџетот се користи наменски за развојот на центарот како целина. Средствата за материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и друго се обезбедуваат од блок дотациите добиени од основачот, преку претходно одобрен финансиски план. За финансиското работење училиштето на годишно ниво доставува извештај до Министерството за образование и наука. Во однос на финансиското работење извршена е ревизија на работењето на ДУЦОР „Партенија Зографски" за 2020 година за што е доставен извештај до центарот.

## 7. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран од десет члена кои се избрани во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето водејќи сметка и на мултикултурната средина во која се наоѓа училиштето. Нема номиниран член од Министерството за образование и наука и член од деловната заедница, иако училиштето доставило барање до двете институции. Сите избрани членови имаат важечки мандат и работата на училишниот одбор е дефинирана во Деловник за работа. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, но нема доволна транспарентност кон другите училишни структури. Имено, донесените одлуки не се огласуваат на видни места, односно училишниот одбор недоволно им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.

Раководниот орган (директор на училиштето) кој го следи воспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањата на учениците е именуван од Министерот за образование и наука со Решение бр.13-4107/2 од 09.03.2021 година. Донесува одлуки, делегира, комуницира и раководи со вработените и ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем. Видно од целокупната работа, не секогаш се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план и програма. Работи тимски со вклучување на вработените, но најчесто одбира еден ист тим кој е вклучен во проекти и обуки за професионален развој. Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната образовна политика. Целите се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици, но нема план за следење и евалуација на

реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, вклучени се помал дел од вработените и делумно се вклучени родителите и учениците. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на некои од креираните цели. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, но делумно се вложува за унапредување на условите на учениците и наставниците при реализација на наставата, како и унапредување на постигнувањата подеднакво на сите ученици и професионален развој на сите наставници.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Училиштето реализира проекти кои соодветствуваат со струките и вклученост во меѓународни проекти;
- Сите ученици во центарот се вклучени во вонnаставните активности;
- Раководниот кадар има развиени механизмите за стекнување со дополнителни финансиски средства.

## 8.2 Слаби страни

- Нема пропишан приод, односно утврдена процедура за подршка и следење на планирањата на наставниците;
- Неажурирана веб страна на Центарот;
- Има наставници кои имаат потреба од соодветна обука за познавање на знаковниот јазик за подобра комуникација со глувите ученици;
- Дотраени санитарни јазли во склоп на фискултурната сала, дотраен азбестен кров, оштетени подови и немолерисани училници и работилници;
- Застарени нагледни средства особено по дел од општообразовните предмети;
- Училиштето нема изготвено програма за професионален развој на наставниот кадар.

## 8.3 Препораки

- **Центарот да пропише приод и утврди процедура за подршка и следење на планирањата на наставниците;**
- **Редовно да ја ажурира веб страната;**
- **Да преземе активности и да организира соодветна обука за познавање на знаковниот јазик потребна за подобрување на комуникацијата со учениците;**
- **Да преземе мерки и активности за подобра грижа кон учениците, да ги продолжи активностите за обнова на дотраените санитарни јазли, менување на азбестен кров, молерисување на училници и работилници и др.**
- **Училиштето да преземе активности за обновување на неопходните нагледните средства;**
- **Училиштето да изготви програма за професионален развој на наставниот кадар.**

| | |
|---|---|
| **Јасмина Аврамовска, Раководител на инспекцискиот тим** | |
| **Нада Николова, Инспектор** | |
| **Соња Миладинова, Инспектор** | |